	Костадинка Поповска	VIII^2 VIII^3 VIII^4 VIII^5 VIII^6	20
	Весна Ангеловска	VII^1 VII^2 VII^3 VII^4 VIII^1	20
	Благица Ангеловска	VI^1 VI^2 VI^3 VII^5 VII^6	16
Математика	Даниела Давковска	VI^2 VI^3 VIII^3 VIII^4 VIII^6	22
	Елена Кузманова	VII^1 VII^2 VIII^1 VIII^2 VIII^5	20
	Радмила Гиговска	VI^1 VI^4 VI^5 VI^6	20
	Вангелица Поповска	VII^3 VII^4 VII^5 VII^6 IX^5	20
	Лолита Трајковска	IX^1 IX^2 IX^3 IX^4 IX^6	20
Англиски јазик	Морфа Петрова	IX^1 IX^2 IX^3 IX^4 IX^5 IX^6 II^6 II^7	22
	Мирослава П. Аневска	VIII^1 VIII^2 VIII^3 VIII^4 VIII^5 VIII^6 III^4 III^6	24
	Оливера Доновска	VII^1 VII^2 VII^3 VII^4 VII^5 VII^6 III^3 III^5	24
	Љубица Ружинска	VI^1 VI^2 VI^3 VI^4 VI^5 VI^6 IV^5 IV^6	24
	Маја Тенев	V^1 V^2 V^3 V^4 V^5 V^6	24

		III[1] III[2]	
	Ивана Ничевска	IV[1] IV[2] IV[3] IV[4]	12
	Емица Здравев	II[1] II[2] II[3] II[4] II[5] I[1] I[2] I[3] I[4] I[5] I[6] I[7]	24
Француски јазик	Слаѓана Крстевска	VI[2] VI[4] VI[6] VII[2] VII[3] VII[6] VIII[1] VIII[3] IX[1] IX[5]	20
Германски јазик	Анета Талевска	VI[1] VI[3] VI[5] VII[1] VII[4] VII[5] VIII[2] VIII[5] IX[2] IX[3] IX[4] IX[6]	20
	Јасмина Илиевска	Од прво до петто одделение проект; VIII[4] VIII[6]	10
Ликовно образование	Фросина Поп - Ѓорѓиева	VI[1] VI[2] VI[3] VI[4] VI[5] VI[6] VII[1] VII[2] VII[3] VII[4] VII[5] VII[6] VIII[1] VIII[2] VIII[3] VIII[4] VIII[5] VIII[6] IX[1] IX[2] IX[3] IX[4] IX[5] IX[6]	24
Музичко образование	Тања Крстевска	Редовни предмети: VI[1] VI[2] VI[3] VI[4] VI[5] VI[6] VIII[1] VIII[2] VIII[3] VIII[4] VIII[5] VIII[6] Изборни предмети „Танци и народни ора“:VIII[5] IX[4] IX[6] Хор 3 часа	12+6+3=21
	Наташа Димовска	Редовни предмети:VII[1] VII[2] VII[3] VII[4] VII[5] VII[6] IX[1] IX[2] IX[3] IX[4] IX[5] IX[6] Изборни предмети „Танци и народни ора“: VIII[3] VIII[4] VIII[6] Оркестар 3 часа	12+6+3=21
Природни науки	Весна Јорданова	VI[1] VI[2] VI[3] VI[4] VI[5] VI[6]	12
	Мартина Неделковска	V[1] V[2] V[3] V[4] V[5] V[6]	12
Техничко	Златика Ј. Даскалов	V[1] V[2] V[3] V[4] V[5] V[6]	22

образование		VI[1] VI[2] VI[3] VI[4] VI[5] VI[6] Изборен предмет: IX[1] IX[3]	
Информатика	Марија Стојановска	VI[1] VI[2] VI[3] VI[4] VI[5] VI[6] VII[1] VII[2] VII[3] VII[4] VII[5] VII[6] Изборен предмет: VIII[1] VIII[2]	18+4=22
Географија	Марина Кујунџиева	IX[1] IX[2] IX[3] IX[4] IX[5] IX[6] VIII[3] VIII[4] Изборен предмет „Истражување на родниот крај“:VII[1] VII[3] VII[5]	16+6=22
	Ане Аврамовска	VI[1] VI[2] VI[3] VI[4] VI[5] VI[6] VIII[5] VIII[6] Изборен предмет „Истражување на родниот крај“: VII[2] VII[4] VII[6]	16+6=22
	Јулијана Максимовска	VII[1] VII[2] VII[3] VII[4] VII[5] VII[6] VIII[1] VIII[2] Изборен предмет „Нашата Татковина“: IX[2] IX[5]	16+4=20
Историја	Љубица Атнасовска	VI[1] VI[2] VI[3] VI[4] VI[5] VI[6] VII[1] VII[2] VII[3] VII[4] VII[5] VII[6]	24
	Мимоза Илиевска	VIII[1] VIII[2] VIII[3] VIII[4] VIII[5] VIII[6] IX[1] IX[2] IX[3] IX[4] IX[5] IX[6]	24
Етика	Ана Петровска	VII[1] VII[2] VII[3] VII[4] VII[5] VII[6] Изборен предмет „Запознавање на религиите“: VI[4] VI[5] VI[6]	12
Граѓанско образование	Валентина Јањиќ	VIII[1] VIII[2] VIII[3] VIII[4] VIII[5] VIII[6] IX[1] IX[2] IX[3] IX[4] IX[5] IX[6] Изборен предмет „Запознавање на религиите“: VI[3]	14
Биологија	Весна Јорданова	IX[2] IX[3] IX[4] IX[5] IX[6]	10

	Донка Митева	VII[1] VII[2] VII[3] VII[4] VII[5] VIII[1] VIII[2] VIII[3] VIII[4] VIII[5] VIII[6]	22
	Мартина Неделковска	VII[6] IX[1]	4
Физика	Жаклина Колевска	VIII[1] VIII[2] VIII[3] VIII[4] VIII[5] VIII[6] IX[1] IX[2] IX[3] IX[4] IX[5] IX[6]	24
Хемија	Жаклина Трајковска	VIII[1] VIII[2] VIII[3] VIII[4] VIII[5] VIII[6] IX[1] IX[2] IX[3] IX[4] IX[5] IX[6]	24
Иновации	Бојан Петковски	IX[1] IX[2] IX[3] IX[4] IX[5] IX[6]	9
Физичко и здравствено образование	Петар Ацески	VII[1] VII[2] VII[3] VII[6] IX[1] IX[4] IX[6]	21
	Маријан Куцулоски	VI[1] VI[2] VI[3] VI[4] VI[5] VI[6] IX[3]	24
	Слободан Стаматовски	VIII[1] VIII[2] VIII[3] VIII[4] VIII[5] VIII[6] VII[4]	21
	Сандра Ноневска	III[1] III[2] III[3] III[4] III[5] III[6] IX[2]	21
	Ивана Ракиќ	II[1] II[2] II[3] II[4] II[5] II[6] II[7]	21
	Далибор Савевски	IV[1] IV[2] IV[3] IV[4] IV[5] IV[6] VII[5]	24
	Христијан Шумковски	I[1] I[2] I[3] I[4] I[5] I[6] I[7]	20
	Гордана Гелевска	IX[5]	

8.3. Работа во смени

Поради доградбата на новите 4 училници во училиштето се овозможи работа во две смени како за одделенска така и за предметна настава.

Прва смена 07:30-12:50
Втора смена 13:15-18:35

8.4. Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата

Наставен јазик	Македонски јазик	Албански јазик	Турски јазик	Српски јазик	Босански јазик
Број на паралелки	56	/	/	/	/
Број на ученици	1541	/	/	/	/
Број на наставници	96	/	/	/	/

8.5. Проширена програма

Согласно Законот за основно образование чл.40 (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), и ова полугодие во училиштето се организираше и реализираше проширена програма. Истата се реализираше преку посебна програма со која се планираше организирано прифаќање и згрижување на учениците еден час пред и еден час по завршување на редовната настава од продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализираше надвор од наставната програма, како и активностите на ученичката организација.

Училиштето организираше за учениците од прво, второ и трето одделение продолжен престој за ученици од иста паралелка, а за другите продолжен престој со ученици од мешани паралелки.

8.6. Комбинирани паралелки

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Странски јазик	Број на паралелки	Број на ученици
Англиски јазик	56	1541
Германски јазик	19	519
Француски јазик	10	248

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со ученици од прво до петто одделение

Тандем наставници за реализација на наставата по физичко и здравствено образование	
Наставник по физичко и здравствено образование	**Одделенски наставници**
Далибор Савески	Снежана Петреска IV-1; Мирјана Смилевска IV-2; Жанета Митровска IV-3; Славица Стојановска IV-4; Лилјана Вурмеска IV-5; Билјана Колевска IV-6;
Сандра Ноневска	Екатерина Геговска,Весна Мирческа III-1; Вангелина Мојаноска, Весна Стрезовска III-2; Душанка Панкова, Данче Димовска III-3; Јасмина Ристеска,Теодора Шалевска III-4; Игор Боризовски III-5; Грозданка Крстевска III-6;
Ивана Ракиќ	Емилија Сарафилоска, Адела Бикиќ Јанковска II-1; Зорица Божинов, Гордана Камческа Ѓореска II-2 ;Сања Стојановска, Ана Додевска II-3; Ивана Младеновска, Александра Пејковска II-4; Марина Стојчевска, Марина Нанева II-5; Гордана Југрева, Тамара Тодоровска II-6; Стефанија Додевска II-7;
Христијан Шумковски	Тања Јосимовска, Билјана Кузевска I-1; Петранка Крстевска, Христина Божиновска I-2; Роберта Јорданова, Виолета Спасовска I-3; Дарко Димковски, Кристина Башовска I-4; Елена Гашевска, Соња Геговска I-5; Лидија Шкуртевска, Весна Трајчова I-6; Ивана Топаловска I-7;

8.9. Изборна настава

Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошират и продлабочат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Овој вид на настава е задолжителен, а учениците го следеа согласно наставниот план и според тоа како се изјасниле во претходно спроведена анкета.

Од минатата учебна година со новата Концепција за основно образование има поинаква организација во изборните предмети во однос на досегашната пракса за IV одделение.

Од спроведените анкети и од добиените резултати во учебната 2022/20223 година се изучуваат следните изборни предмети:

- *Образование за животни вештини во прво полугодие во четврто одделение*
- *Театарска работилница во второ полугодие во четврто одделение*
- *Сликање, цртање и вајарство во петто одделение во прво полугодие*
- *Образование за животни вештини во петто одделение во второ полугодие*
- *Етика на религии и Запознавање на религиите во шесто одделение*
- *Истражување на родниот крај во седмо одделение*
- *Програмирање во осмо одделение*
- *Танци и народни ора во осмо одделение девето одделение*
- *Нашата татковина во седмо и девето одделение*
- *Техничко образование во девето одделение*

8.10. Дополнителна настава

Освен задолжителната настава во училиштето се реализираше додатна и дополнителна настава. Дополнителна настава се организираше за ученици кои имаа потешкотии во учењето или покажуваа континуирано слаби резултати во учењето, за ученици кои од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Оваа настава се изведуваше во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од II до IX одделение.

За успешно организирање на дополнителната настава неопходно беше континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и постојана контрола на неговите развојни карактеристики и потреби. За дополнителна настава, образовните групи се формираа во различни периоди, во зависност од времето кога се појавуваат потешкотии во постигнувањето на содржините кај одредени ученици.

Во првото полугодие од учебната 2022/2023 година реализирани се вкупно 612 часови од дополнителна настава и тоа: актив **II одд. - 119 часа**; актив **III одд. 95 часа**; актив **IV одд. - 16 часа**; актив **V одд.-16 часа**; актив **македонски јазик - 50 часа**; **странски јазици - 95 часа**; актив **математика - 25 часа**; актив **географија,историја,граѓанско образование и етика - 32 часа**; актив **физика, хемија и биологија - 26 часа**; актив **информатика, иновации и ТО - 24 часа**; актив **музичко и ликовно образование - 30 часа**; и актив **ФЗО - 84 часа** дополнителна настава.

Реализацијата на дополнителната настава се евидентираше во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник.

Организирањето и реализацијата се одвива според изготвен распоред за секој предмет одделно, на месечно ниво и истиот се објавува на огласната табла и на веб страната на училиштето.

8.11. Додатна настава

Додатната настава се организира за учениците кои постигнуваа посебни резултати за определени научни и наставни дисциплини и напредуваат во рамките на задолжителната настава. Наставникот е должен да им ја понуди можноста за посетување на додатната настава, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат. Организирањето и реализацијата се одвива според изготвен распоред за секој предмет одделно, на месечно ниво и истиот се објавува на огласната табла и на веб страната на училиштето. Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици во текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари итн. Оваа настава се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од II до IX одделение.

Во ова полугодие реализирани се **491 часови од додатна настава**. Број на реализирани часови по активи: **II одд. - 119 часа; III одд. - 100 часа; IV одд. - 17 часа; V одд. - 17 часа; актив македонски - 20 часа; актив странски јазик - 40 часа; актив физика, хемија, биологија - 26 часа; актив географија историја, граѓанско образование и етика - 32 часа; актив информатика, иновации и ТО - 24 часа; ФЗО - 84 часа; и актив ликовно и музичко образование - 12 часа.**

Реализацијата на додатната настава се евидентира во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник.

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Надарените ученици се идентификуваа преку опсервација од страна на наставникот за време на часот (анегдотски белешки, оцени, лична евиденција на секој наставник одделно, ученичко портфолио). Селекцијата на овие деца се врши во соработка на наставникот, родителот на ученикот и психологот преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност.

Ова полугодие како резултат на точното идентификување на надарените и талентираните ученици како и посветената работа на наставниците со оваа категорија на ученици во рамките на училиштето земаа учество на многу натпревари во нашата држава. Освоени се многу награди, пофалници и признанија за кои има подетален извештај во делот на освоени награди на учениците.Во текот на второто полугодие ќе се продолжи но и ќе се интензивира работата со овие ученици кога очекуваме и дополнително многу освоени награди.

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Ова полугодие со учениците со ПОП се работеше по претходно изготвен акционен план, во којшто се вклучени Годишната програма за работа на училишниот инклузивен тим, Процедурата за идентификација на деца со ПОП и изработката на Индивидуален образовен план, годишната програма за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор. За секој ученик кај кого што беше детектирана потреба за изработка на ИОП(според проценката од соодветна установа МКФ, ЗМЗ исл.), се формираше ИТУ кој води грижа за вклученоста и прифатеноста на ученикот како и изработка на ИОП-и за индивидуалните потреби и способности на учениците со ПОП. Овие планирања се составен дел на планирањата на наставникот.

Во текот на ова полугодие беа ангажирани 9 образовни асистенти за потребите на учениците со ПОП врз основа на договорот за соработка меѓу нашето училиште и ПОУ со ресурсен центар „Д-р Златан Сремец“ согласно Законските измени кои се однесуваат на инклузивното образование.

Во интерес на унапредување на инклузивното образование училиштето има формирано Инклузивен тим на училиште како и Инклузивни тимови за ученици.Во нашето училиште има поголем број на ученици со посебни образовни потреби а со тоа и се формираа повеќе инклузивни тимови за ученик. Членовите на Инклузивниот тим

за ученик (ИТУ) се:претставник на УИТ, одделенски/ класен раководител и ИТУ- сите наставници кои предаваат на инклузираниот ученик како и родителот/старателот на ученикот.

Во ООУ „Лазо Ангеловски“ развиена е добра инклузивна пракса и политика која се применува и почитува. Имаме инклузирано ученици со најразлични посебни образовни потреби и попреченост. Во зависност од видот на ПОП за овие ученици во соработка на УИТ и ИТУ се изработуваа Индивидуални образовни планови (долгорочен, среднорочен, краткорочен) се применуваа и планираа диференциран пристап на работа, прилагодувања во училница и слично. Специјалниот едукатор и рехабилитатор преку својата годишна програма за работа има однапред испланирано на кој начин ќе се дава помош и поддршка на учениците со ПОП како и следењето на напредокот и постигнувањата.

При изработката на ИОП-от на даден формулар јасно се дефинираа задачите и улогата на секој еден чинител на истиот, беа поставени рокови и одговорни лица за реализација на ИОП-от. Ова полугодие беа изработени ИОП-и за 11 ученици и за еден ученик се изработи модифицирана наставна програма.

8.14. Туторска поддршка

Во досегашното работење нема организирано туторска поддршка на учениците, но со последните измени во Законот за основно образование училиштето е подготвено да потпише договор со некој од педагошките универзитети и да ангажира студенти како тутори за оние ученици каде што ќе се детектира потреба за истото, тековно ќе бидат назначени тутори и ќе биде изготвена програма за туторство по соодветниот предмет соодветно на дадените насоки од страна на МОН.

8.15. План за образовниот медијатор

Во ООУ„Лазо Ангеловски“ до сега немаме ангажирано образовни медијатори за ученици роми кои потекнуваат од социјално загрозените семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, но согласно последните законски измени доколку се јави потреба, тековно ќе бидат назначени образовни

медијатори и ќе биде изготвен план на активности кои ќе ги реализира образовниот медијатор соодветно дадените насоки од страна на МОН.

9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

Во училиштето за правилен развој на учениците задолжен е наставниот кадар по ФЗО кој преку различни видови на спортови го негуваат здравиот и спортски дух кај учениците. Училишниот спортски клуб кој постои од 2013-2023 година, реализираше активности од областа на спортот и спортски активности, според афинитетите на учениците. Преку ученичките натпревари се презентираа постигнувањата на учениците во наставата и другите подрачја од воспитно-образовната дејност. Овие натпревари се организираа на ниво на училиште, општински регион во рамките на училиште, а најуспешните ученици учествуваа и на меѓународни натпревари.

За таа цел во училиштето функционираат следниве спортови: кошарка, фудбал / футсал, ракомет, атлетика, кросеви, одбојка.

9.2. Секции /клубови

Преку секциите, учениците ќе учествува на најразлични манифестации, конкурси, натпревари преку кои ќе се афирмираа самите себе, но и училиштето. Програмите за работа на секциите се дел од наставните планови и програми на наставниците**.** Во училиштето функционираат следниве секции: драмска секција, литературна секција, странски јазици, историска секција, CTEAM, еколошка секција, млади претприемачи, библиотекарска секција, медиумска секција, E-twinning и спортски секции, креативна секција, еко секција и ритмичка секција. Сите наставници имаат доставено извештаи за реализација на активностите на секциите. Тие се во прилог на полугодишниот извештај.

9.3. Акции

Во училиштето се организираат базари, хепенинзи, хуманитарни настани по повод Денот на училиштето или други одбележувања, одбележување на празниците според календарот, со јасно дефинирани содржини и време на реализација.

Во текот на првото полугодие се организираа следниве акции: Ликовен хепенинг по повод Патрониот празник на училиштето, крводарителска акција организирана за вработените и месното население по повод Патрониот празник на училиштето, Организирање новогодишен базар, Хуманитарна акција по повод - „Денот на гладта“ - преку собирање на храна и хуманитарна новогодишна акција за собирање на парични средства „Да ја збогатиме Божиќната трпеза“ организирана од страна на Советот на родители, а наменета за ученици од социјално ранливи категории.

10. Ученичко организирање и учество

Ученичкиот парламент е формална институција загарантирана со закон, која им овозможува на учениците демократски начин на здружување со цел да ги застапуваат интересите на сите ученици во училиштето, како и учество на учениците во донесувањето одлуки кои директно влијаат врз нив.
Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. На првиот состанок се избра претседател и заменик претседател на Ученичкиот парламент.

За поуспешна работа на Ученичкиот парламент изработена е Годишна програма за работа распределена по месеци за целата учебна година. Во текот на ова полугодие се оддржаа состаноци со членовите на Ученички парламент на кои учениците се запознаа со Конвенцијата за правата на децата и нивните права.

Во рамките на училишниот парламент се реализираа активности за спроведување на демократски иницијативи од страна на учениците. Ученичкиот првобранител во текот на ова полугодие редовно ги пријавуваше жалбите од учениците кога им беа прекшувани нивните права.

11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во текот на првото полугодие од учебната 2022-2023 година планираните излети не беа реализирани поради лошите временски услови. Од овие причини направена е промена во програмата и истата е проследено до БРО и одобрена со план да реализацијата на истите се изврши во периодот од месец март-април.

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Во првото полугодие од учебната 2022/23 година учениците заедно со своите наставници учествуваа во низа вон наставни активности. Преку нив учениците ги надградуваат своите знаења и интереси од разни области. Учениците во првото полугодие беа вклучени во следниве активности:

Општински литературен и ликовен конкурс „Заштита на шумите од пожар“, Ликовен конкурс организиран од НЛБ банка, Државниот ликовен конкурс „Творење и креирање на дела од отпад од пакување, Одбележување на Меѓународниот ден на човековите права под покровителство на УНХЦР ,Работилница за меѓуетничка интеграција на тема „Зима“ реализирана со партнер училиште од с.Батинци, Хуманитарна акција која се одржа пред платото на Capitol mall, Квизотека ДКЦ Карпош, Посета на: ХЕЦ "Матка" Пештера Врело Ботаничка градина ПМФ, Заливот на коските и други позначајни локалитети во градот Охрид. Посета на МКЦ од страна на мандолинскиот оркестар на Концерт во изведба на мандолини од страна на Ерхан Шукри, посета на концерт на учениците од VI- до IX одделение во Филхармонија по повод патрониот празник на средното музичко училиште „Илија Николовски-Луј“, настап на учениците пред споменикот на Тоше Проески по повод неговата смрт, новогодишен базар во организација на Општина Аеродром, Посета на МРТ со соодветни сорџини на училишната емисија Звон, Театар за деца и младинци ,,Грдото пајче“, „Тажниот магионичар", Посета на филмска проекција во кино Милениум во рамките на проектот за Медиумска писменост и Учество во литературен конкурс на Општински противпожарен сојуз Аеродром.

12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари опфаќаат активности преку кои се презентираат постигнувањата на учениците и на училиштето во наставата и другите подрачја во воспитно-образовната дејност. Ученичките натпревари се организираат со цел учениците да го развијат натпреварувачкиот дух. Учениците земаа учество на распишани конкурси и други форми на натпревари по одделни предмети и области.

Натпревари во повеќе области се одвиваа во текот на првото полугодие и нашите ученици ги освоија следниве награди:

Ученички натпревари во текот на првото полугодие од учебната 2022/2023 година

Вид на натпревар	Наставен предмет	Освоено место	Име и презиме на наставникот	Име и презиме на ученикот	Одделение
интернационален	Ликовно образование	Трето	Лидија Божиноска	Дамјан Стефанов	V
училишен	друго	Прво	Лидија Божиноска	Мила Колевска	V
интернационален	Ликовно образование	Прво	Лидија Божиноска	Сара Богатинова	V
училишен	Ликовно образование	Прво	Билјана Спасовска	Мишо Рогачиќ	V
државен	Ликовно образование	Трето	Светлана Јосифовска	Дамјан Наунов	V
интернационален	Ликовно образование	Прво	Светлана Јосифовска	Мила Павлеска	V
интернационален	Ликовно образование	Прво	Светлана Јосифовска	Калина Живковиќ	V
училишен	друго	Трето	Анета Димовска	Лана Настевска	V
интернационален	Македонски јазик	друго	Емилија Христова	Николај Стојановски	V

друго	Ликовно образование	Второ	Дарко Димковски	Јана Паланков	I
друго	Ликовно образование	Второ	Кристина Башовска	Јана Паланков	I
друго	Ликовно образование	Прво	Роберта Јордановска	Михаела Дончева	I
друго	Ликовно образование	Прво	Роберта Јордановска	Аника Бурнеска	I
друго	Ликовно образование	Прво	Роберта Јордановска	Михаела Дончева	I
интернационален	Ликовно образование	Прво	Марина Нанева	Клара Милковски	II
интернационален	Ликовно образование	Прво	Марина Стојчевска	Клара Милковски	II
интернационален	Ликовно образование	Прво	Марина Нанева	Павел Калинов	II
интернационален	Ликовно образование	Прво	Марина Стојчевска	Павел Калинов	II
училишен	Француски јазик	Второ	Слаѓана Крстевска	Теодора Маневска	VII

училишен	Француски јазик	Прво	Слаѓана Крстевска	Теодора Бабиќ	VII
училишен	Француски јазик	Трето	Слаѓана Крстевска	Теона Новковска	VII
училишен	Француски јазик	друго	Слаѓана Крстевска	Илина Трајчевска	VII
училишен	Француски јазик	друго	Слаѓана Крстевска	Елена Лазаревска	VII
училишен	Француски јазик	друго	Слаѓана Крстевска	Петар Пешевски	VII
регионален	Француски јазик	друго	Слаѓана Крстевска	Теодора Маневска	VII
регионален	Француски јазик	друго	Слаѓана Крстевска	Теодора Бабиќ	VII
регионален	Француски јазик	друго	Слаѓана Крстевска	Теона Новковска	VII
училишен	Ликовно образование	Прво	Фросина Поп Ѓорѓиева	Дарија Митровска	VIII
училишен	Ликовно образование	Второ	Фросина Поп Ѓорѓиева	Дона Арсова	IX
училишен	Ликовно образование	Трето	Фросина Поп Ѓорѓиева	Христина Ивановска	VIII
интернационален	Ликовно образование	Прво	Фросина Поп Ѓорѓиева	Дарија Митровска	VIII
училишен	друго	Прво	Благица Ангеловска	Нина Панчевска	VI
училишен	Македонски јазик	Трето	Благица Ангеловска	Лана Ѓорѓиевска	VI

интернационален	Физика	Прво	Жаклина Колевска	Ана Радеска	IX
интернационален	Физика	Прво	Жаклина Колевска	Ива Бошеска	III
интернационален	Физика	Прво	Жаклина Колевска	Анастасија Пецевска	IX
државен	Ликовно образование	друго	Фросина Поп Ѓорѓиева	Дона Арсова	IX
интернационален	Ликовно образование	друго	Фросина Поп Ѓорѓиева	Марија Петковска	VIII
интернационален	Ликовно образование	друго	Фросина Поп Ѓорѓиева	Ива Бошеска	IX
општински	Физичко и здравствено образование	друго	Слободан Стаматовски	Екипа фудбал машки	VIII
општински	Физичко и здравствено образование	Прво	Петар Ацески	Кошарка - женски	IX
регионален	Физичко и здравствено образование	Прво	Петар Ацески	Кошарка - женски	IX
општински	Физичко и здравствено образование	друго	Слободан Стаматовски	Фудбал женска екипа	VIII

13. Унапредување на мултикулурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

Училиштето развива почит и позитивен однос кон различностите преку унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција. Реализација на овие активности започна на почетокот на првото полугодие преку обновување на партнерството со ОУ„Алија Авдовиќ“ од с.Батинце -општина Студеничани.

Со формирање партнерство со училиште со друг наставен јазик, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта со заемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали, сакаме да бидеме промотори на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата со размена на културните и верските, како и образовните вредности.

Мултикултурното образование во првото полугодие од учебната 2022/2023 година се спроведуваше првенствено преку активности од општ карактер предложени и поттикнати од самите ученици, пред се и од родителите во текот на редовната настава, мултикултурни работилници и ОЖВ работилници. Планирањето за спроведување на вакви активности е индивидуално за секој наставник.

Меѓуетничката интеграција во текот на првото полугодие се реализираше со ученици од четврто и ученици од петто одделение кои заедно со своите наставници беа гости на учениците и наставниците од ОУ„ Алија Адовиќ“ Студеничани. Преку заеднички креативни работилници на тема „ Зима“ учениците од македонска, турска и бошњачка етничка заедница зеднички изработуваа украси, цртежи, хамери и постери.Тие меѓусебно соработуваа, учеа едни за други и другаруваа што е и целтта на меѓуетничката интеграција во училиштата.

За реализација на овие активности потребни се континуирана помош и подршка од директорот, помошник директорот и стручна служба и родителите…

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Во училиштето во текот на првото полугодие од учебна 2022/2023 година се реализира следните проекти:

Име на проектот	***Институции за подршка и помош***	***Име и презиме на наставникот или стручните соработници***	***Временска рамка на реализација***	***Средства за реализација на проектот***	***Општи цели***
Меѓуетничка интеграција во образованието	Поддржан од МЦГО,МОН и УСАИД	Јасмина Ѓуроска	Во текот на учебната година	/	Едуцирање на ученици за прифаќање на различностите.
Математика со размислување	БРО	Душанка Панкова	Во текот на учебната година	/	Развивање на математички вештини.
Јазична писменост	БРО	Тања Јосимовска	Во текот на учебната година	/	Примена на Јазичната писменост во помалите одделенија.
Проект-Интеграција на еколошка едукација на македонскиот образовен систем	МОН	Марина Кујунџиева	Во текот на учебната година	/	*Подигање на еколошката свест кај младите.
Училиште без насилство	МОН, УНИЦЕФ	Иванка Николова	Во текот на учебната година	Сопствени средства	*Намалување на насилното однесување на учениците, создавање на безбедна училишна средина.
Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта	МОН	Валентина Јањиќ	Во текот на учебната година	Сопствени средства	*Да се запознаат со поимот корупција,антикорупција, интегритет и етичност. *Да се запознаат што значи „одолевање на

					социјален притисок“.
Проект за стратешки партнерства на училишта КА229: Slow down education in the nature (Поинакво образование во училницата во природа)	КА229 Проект од Еразмус плус програмата, Национална агенција за европски, образовни програми и мобилност	Координатор Љубица Ружинска и Тимот за проекти финансирани од ЕУ	Во текот на учебната година	Грант на проектот од страна на Националната агенција за европски,образо вни програми и мобилност	*Развивање на комптенциите на учесниците за полесно разбирање на предметите од природната група на предмети.
Проект за изучување на германскиот јазик од прво одделение	Гете институт и МОН	Анета Талеска	Во текот на учебната година	МОН и Гете институт	*Рано изучување на германскиот јазик, почнувајќи од помалите одделенија.

За сите активности кои се реализирани според програмите, одговорните наставници или координаторите на проектите поднесоа свои извештаи кои се составен дел од овој полугодишен извештај.

15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на учениците

- Постигнување на учениците на крајот од првото полугодие за учебната 2022/2023 година.

Бр.	Предмет	бр.	Успех					%
			5	4	3	2	1	
			бр.	бр.	бр.	бр.	бр.	
1	Македонски јазик	453	196	97	94	66	0	3.93
2	Математика	453	173	101	93	86	0	3.80
3	Англиски јазик	453	292	75	64	18	4	4.40
4	Француски јазик	174	71	37	45	21	0	3.91
5	Германски јазик	279	155	53	45	26	0	4.21
6	Ликовно образование	453	349	63	28	13	0	4.65
7	Музичко образование	453	259	94	72	28	0	4.29
8	Географија	453	187	94	95	77	0	3.86
9	Историја	453	194	90	93	76	0	3.89
10	Биологија	453	220	93	86	54	0	4.06
11	Физика	298	52	78	73	95	0	3.29
12	Хемија	298	133	45	68	52	0	3.87
13	Физичко и здравствено образование	453	392	59	2	0	0	4.86
14	Информатика	155	131	14	8	2	0	4.77
15	Етика	155	155	0	0	0	0	5.00
16	Граѓанско образование	298	191	46	52	9	0	4.41
17	Иновации	147	92	23	18	14	0	4.31
	Изборен предмет							
1	Нашата татковина	49	42	5	2	0	0	4.82
2	Техничко образование	52	36	9	3	4	0	4.48
3	Истражување на родниот крај	155	124	22	6	3	0	4.72
4	Танци и народни ора	146	136	8	2	0	0	4.92

Среден успех на ниво на училиште 4.25
Описно се оценети 1088 ученици (од I – VI одд.)

СРЕДЕН УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО ОДДЕЛЕНИЈА

VII одд	VIII одд	IX одд
VII-1- 4,62	VIII-1- 4,36	IX-1- 4,13
VII-2- 4,39	VIII-2- 3,92	IX-2- 4,08
VII-3- 4,47	VIII-3- 4,20	IX-3- 4,20
VII-4- 4,41	VIII-4- 4,18	IX-4- 3,97
VII-5- 4,39	VIII-5- 4,12	IX-5- 4,03
VII-6- 4,04	VIII-6- 4,16	IX-6- 4,23
Среден општ успех на VII одд. **4,38**	Среден општ успех на VIIIодд. **4,19**	Среден општ успех на IXодд. **4,18**

ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Одделение	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	ВКУПНО
примерно	188	207	181	184	166	162	155	151	147	1541
добро	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
незадоволително	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0

ИЗОСТАНОЦИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Одд .	I	II	III	IV	V	I-V	VI	VII	VIII	IX	VI-IX
Оправдани	1184	2121	3027	1374	1020	8726	3733	2591	3937	2682	12943
Неоправдани	0	0	0	0	0	0	6	10	4	144	164
Вкупно	1184	2121	3027	1374	1020	8726	3739	2601	3941	2826	13107

Вкупен број на изостаноци на ниво на училиште:
ОПРАВДАНИ- **21669**
НЕОПРАВДАНИ - **164**
ВКУПНО - 21833

УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ

Бр. на ученици			Успех на учениците																	
м	ж	вк.	Одличен			Мн. добар			Добар			Доволен			Позитивно оценети			Со слаби оценки		
			м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.
215	238	453	91	134	225	70	75	145	48	27	75	2	2	4	211	238	449	4	0	4

СЛАБИ ОЦЕНИ

Слаби оценки	Бр. на ученици	м	ж
Со една слаба	4	4	0
Со две слаби	0	0	0
Со три и повеќе	0	0	0
Вкупно	4	4	0

УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

Национална структура		Македонци			Албанци			Срби			Власи			Турци			Роми			Бошњаци			Други		
		м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.	м	ж	вк.
		209	235	444	/	/	/	1	/	1	/	1	1	1	1	2	2	1	3	1	/	1	1	/	1
Успех	Одличен	91	133	224	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/
	Мн. добар	69	74	143	/	/	/	/	/	/	/	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1
	Добар	43	26	69	/	/	/	1	/	1	/	/	/	1	/	1	2	1	3	1	/	1	/	/	/
	Доволен	2	2	4	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
	Со слаби оценки	4	/	4	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/

15.2. Професионална ориентација на учениците

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија.

Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците.

Во второто полугодие ќе се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Нашето училиште се залага да биде училиште каде што сите негови чинители ќе се чувствуваат безбедни, среќни,добредојдени, ќе може да учат и да се надоградуваат на професионален и образовен план.

Во училиштето има формирано тим за ненасилно однесување и истиот има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, СВР-Скопје, невладини организации, ресурсни центри, Центарот за социјална работа, Здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави.

Во соработка со релевантни институции во поблиската и поширокатa околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство.

Тим за ненасилно однесување

Координатор- Иванка Николова (социолог); членови – Аделина Давидовска, Тина Симиќ Ацковска, Валентина Јањиќ, Ивана Младеновска, Жанета Митровска, Христина Божиновска. Во тимот учествуваат по двајца ученици од секоја паралелка од 7-мо и 8-мо одделение.

Нашето училиште е вклучено во проектот **„Училиште без насилство**“.За таа цел во училиштето е формиран Тим за ненасилно однесување во кој членуваат наствници,стручни соработници и ученици.Во тимот во соработка со класните раководители се избираат ученици кои се жртви на насилство или ученици кои пројавуваат насилно однесување **Целта** на проектот е намалување на насилното однесување на учениците, подигнување на свеста кај учениците за последиците од насилното однесување и создавање на безбедна училишна средина. Училиштето има училишна политика за намалување на насилното однесување на учениците во училиштето, во која се образложени начините и мерките кои ги превзема училиштето за намалување на насилното однесување. Училиштето преку тимот за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување.Тимот редовно поднесува извештај за фрекфенцијата, видот и местата каде што се случуваат насилните однесувања, а исто така врши и едукација на учениците, наставниците и родителите за успешно разрешување на конфликти. Социологот како координатор на тимот во соработка со одделенските наставници реализира работилници за разрешување на конфликти во паралелки во одделенска настава. Преку разговори со учениците од предметна настава на теми за намалување на насилството произлезе и идејата за меѓувсничка поддршка, при која учениците учат како сами да ги разрешуваат конфликтните ситуации.Тимот соработува и со други стручни лица од релевантни установи во локалната заедница заради сеопфатна заштита на децата од насилство, пријавува во Брза помош кога на ученик му е потребна медицинска интервенција, или во центар за социјална работа, или во полиција кога постои сомнеж за сторено кривично дело или кога детето е жртва на каков било вид на насилство сторено во или надвор од училиштето;Програмата за заштита на децата од насилство го содржи следново: Основните принципи и начела согласно Конвенцијата за правата на детето, кои се и рамка за дејствување. се: право на живот, опстанок и развој, најдобриот интерес на детето, недискриминација и еднаквост, поголемо учество на децата;

Во рамките на превентивните активности, стручните соработници остваруваа соработка со Центарот за социјална работа, МВР, Заводот за ментално здравје, полициската станица Аеродром.

16. Оценување

16.1. Видови оценување и календар на оценување

На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците.
Наставниците користат различни методи, техники и инструменти за следење на постигнувањата на учениците при формативното оценување и креирање на сумативната оценка. Однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни, тематски и процесни планирања. Следењето на напредокот и проверувањето на постигањата на учениците се врши преку континуирана примена на методи: фронтална, индивидуална, групна, работа во парови, дијалошки, илустративен, демонстративен, метод на практична работа, метод на експериментирање, метод на набљудување, метод на истражување, презентација, аудио-визуелна, текст метода, усно излагање со демонстрација, работа во групи, изведбена активност, експериментирање и проектна активност.

Форми и постапки за формативно оценување кои наставниците ги применуваа, а имат за цел да придонесат за подобрување на постигањата на учениците.
Усно и практично оценување преку презентација, говорни вежби, сликовно-писмени вежби, усни одговори на пршања поставени од наставникот, разговор со учениците, чек листа за изработка на технички цртеж, усно излагање со демонстрација, чек листа за усна презентација, аналитичка листа на макета, анегдодски белешки, водење на развојно и аналитичко портфолио.
Врз основа на одделението во коешто се спроведува оценувањето тоа може да биде со: описна оценка, комбинирано (описна и бројчана) и бројчана оценка.
Успехот на учениците е евидентиран во евидентните листи и во дневникот на паралелката.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во насока на планирање и подобрување на оценувањето на постигнувањата на учениците, тимот одржа 4 состаноци во текот на првото полугодие од учебната 2022/2023 година.

За поуспешна реализација на активностите, тимот за унапредување на оценувањето соработуваше со наставниците и стручната служба, со што можеше да се одговори на целите поврзани со оценувањето на постигнувањата на учениците предвидени со програмата за учебната 2022/2023 година. При планирањето на оценувањето наставниците се водеа од целите и задачите од наставните планови и програми, стандардите и

критериумите по дадените наставни предмети.Со воведување на училишното планирање на оценување и неговата реализација го подобруваме квалитетот на оценувањето, да стане дел од добрата настава и учењето.

- *Следејќи ги глобалните цели, тимот за унапредување на оценувањето:*

1. Креираше папки во google drive за да се формира база на инструменти за оценување (формативно и сумативно) по генерации и по предмети.
2. Направена е споредба на постигнувањата на учениците од 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 учебна година, по наставни предмети и области, наставници и генерации со постигнувањата од 2022/2023 учебна година со цел споредба на просеците и утврдување на поголеми отстапки.
3. Направена е споредба на тримесечниот успех по стручни активи, поради откривање на поголеми или помали отстапки во примена на критериумите и стандардите за оценување.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на восптно- образовниот кадар

Следењето и вреднувањето на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар се изведува индивидуално, групно, колективно во зависност од воспитно-образовната активност што треба да биде следена. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (евидентни листи за следење на квалитетот и работата на воспитно образовниот кадар, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

Во текот на првото полугодие од оваа учебна година стручно-раководната служба вршеше посета и следење на наставните часови кај поголем број од наставниците.Следењето се вршеше со инструмент за посета на наставните часови во зависност од аспектот на следење.

Во однос на овој дел посетета се изведува во насока на:

- Разговор со наставникот пред посетата на наставниот час

- Посета на наставниот час

-Консултации со наставникот по следење на часот

16.4. Самоевалвација на училиштето

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаат предвид при изготвување на планот за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.До крајот на учебната година треба да биде завршена самоевалуацијата 2021-2023 од која што ќе произлезат јаките и слаби страни на училиштето и ќе се определат приоритетите за наредните две учебни години.

17. Безбедност во училиштето

Во училиштето има „План и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди”. Училиштето располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Училиштето поседува и дефибрилатор. Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места.
Во текот на првото полугодие од учебната 2022/2023 година во соработка со Тимот за одговор при катастрофи на Црвен Крст на град Скопје ,ПСОН Аеродром,Противпожарната бригада Скопје,ДПД„Бајрам Мифтари„ се спроведоа вежбовни активности за евакуација (спасување) од земјотреси и пожар.Тимовите заедно со учениците ги вежбаа постапките за заштита и спасување при земјотреси и пожари и безбедно евакуирање на сите присутни на точките на евакуација.Тимовите на прва помош успешно ги реализираа активностите за укажување на прва помош при евентуално повредени лица.Противпожарната бригада навремено дејствуваше во симулација на гаснење на пожар.Преку овие активности учениците и наставниците севежбаат процедурите за евакуација и сите успешно се обучија за правилна и навремена евакуација и справување со елементарни непогоди.

За заштита и безбедност на просториите во училиштето од страна на Општина Аеродром во работните денови обезбедено е физичко обезбедување.За безбедност во училишните ходници имаше изготвен план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурен наставник се додека не ги земат родителите , а за тоа се води редовна евиденција. Поставени се видеокамери низ училиштето .Училиштето има и платен чувар во ноќниот период, а по потреба се бара и полициско патролирање во училиштето.

18. Грижа за здравјето

Целта на наведената дејност на училиштето е да ги оспособи учениците и вработените во училиштето да превземаат активности за поздрав живот во училиштето и средината. За реализација на дел од наведените активности училиштето соработуваше со Медицински центар за организација и реализација на систематските прегледи за учениците, со Заводот за здравствена заштита и со Црвениот крст. Здравствената едукација на учениците се остваруваше и во текот на редовната настава по предметите физичко и здравствено образование, природни науки, биологија, екологија, образование за животни вештини и преку интегрирање на наставните содржини преку програмата Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на РСМ.

18.1. Хигиена во училиштето

Техничкиот персонал се грижи за одржување на хигиената на санитарните чворови, училници и другиот простор во училиштето. Наставниците во соработка со родителите водеа грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена.Училиштето преку различни акции, предавања, работилници во текот на првото полугодие ја поттикнуваше свеста кај учениците за одржување на хигиената. Одделенските раководители во својата паралелка превентивно работеа и реагираат во ситуации кога е намалена хигиената. Училиштето континуирано обезбедуваше средства за чистење и дезинфекција на училишните простории. По потреба училиштето соработуваше со службите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

18.2. Систематски прегледи

Во првото полугодие се организираше санитарен преглед за сите вработени, во соработка со Центар за јавно здравје - Скопје. Редовните систематски прегледи се реализираа за учениците според планот на Поликлиника Јане Сандански, со која и оваа година продолжи соработката. Посебно внимание се насочи на редовно вакцинирање на учениците и систематски прегледи според планот на Поликлиника Јане Сандански.

Од страна на стоматолошката амбуланта се извршија редовни стоматолошки преглед во ординација за детска и превентивна стоматологија при Поликлиниката Јане Сандански на учениците од I и VII одделение.

18.3. Вакцинирање

Редовно генерациско вакцинирање и ревакцинирање на учениците од I до IX одделение се врши според распоредот за имунизација од Заводот за јавно здравје - Скопје, во присуство на родител и одделенскиот

наставник за учениците од I до V одделение, а за учениците од VI до IX одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. Во првото полугодие за учениците од II одделение се изврши ревакцина DT полио (дифтерија, тетанус) како и за учениците од IX одделение беше извршено ревакцинирње за детска парализа, дифтерија и тетанус.

18.4. Едукација за здрава исхрана- оброк во училиштата

За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето реализираше едукативни предавања и настани за здрава храна. Целта е едукација на учениците за подигнување на свеста за консумирање здрава храна и формирање на навики за правилен развој. Наставниците во своите планирања интегрираа содржини за здрава храна и ги реализираа на одделенските часови, редовните часови и воннаставните активност.

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите во ходниците, санитарните јазли и во училишниот двор. Според распоредот задолжените одговорни наставници водеа евиденција за дисциплината за време на одморите . Во насока на континуирано унапредување на училишната клима и дисциплината на училиштето ќе се продолжи со едукација на вработените за асертивно однесување,тимска соработка и ненасилно разрешување на конфликти.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се развива одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот амбиент на просторот (училниците) во кои се поминува голем дел од денот.

Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците ќе се негува позитивниот однос кон работата. Во текот на полугодите одговорните наставници и сите членови вклучени во воспитно-образовниот процес,

учествуваа во активностите според програмата дадена од одговорните на тимот, а во која се посочени активности за разубавувавање и уредување на училниците, холовите, преку заеднички работилници, изработки според актуелните теми кои ќе се реализираат.

Во предметна настава, како во училниците, така и во холовите беа естетски и тематски уредувани.Беа изложувани успешните ученички проекти од најразлични области.

Следењето и оценувањето на естетскиот изглед на училниците и холовите во училиштето, ќе се врши согласно барањата на Програмата, според следниве критериуми :

1. Запазување на темите и содржините од годишната програма ;
2. Запазување на естетиката во уредувањето, како на паноата, така и на изработките;
3. Навремено обновување на паноата во училниците и холовите;
4. Запазување на хигиената во училниците;

Комисијата во текот на првото полугодие ги прогласи и им додели пофалници на наставниците кои најуспешно ги уредуваа своите училници и работни простории.Тоа се училниците на II-2 одделение и училницата на I-7.

19.3. Етички кодекси

Училиштето има изработено кодекси на однесување на вработените, на учениците, на родителите, кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии , Кодекс за облекување на наставници и ученици,Кодекс на оценување,. Тие се истакнати на видни места во училиштето и со нив се запознаени сите инволвирани. Редовно, на почетокот на секоја учебна година наставниците, учениците и родителите се потсетуваат на правилата на однесување во училиштето и се инсистира на нивно почитување. За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки.

.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Тимот за односи меѓу сите структури (м-р Магдалена Петреска в.д. директор, Силвана Давчевска-секретар,Стево Богдановски – совет на родители, Иванка Николова – социолог, Вангелина Мојаноска – одделенски наставник, – Магдалена Ноческа училишен парламент) преку континуирана соработка и состаноци со сите структури врши размена на идеи и работи на разрешување на проблеми. Останатите субјекти (ученици, родители) постојано се консултираат преку состаноци, усни и писмени известувања, а нивните мислења доколку се во согласност со

политиката на училиштето, законот за основно образование и интерните правилници, секогаш се почитуваат.За сите тековни активности сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици) благовремено се информирани.

Училиштето тековно дава поддршка за унапредување на здравјето, внимава на индивидуалните потреби и способности на учениците. За децата со посебни образовни потреби, е вклучено стручно лице-дефектолог, кое работи со тие ученици. Стручната служба преку различни методи на работа врши советувања на родители ,чии деца покажуваат социјална неадаптираност, деца со агресивно однесување и деца чие однесување е резултат на несредени семејни односи, согласно нивните индивидуални потреби.

За да се подобри квалитетот на училиштето ќе се вршат анализи на резултатите добиени на полугодието и на крајот на тековната учебна година и врз основа на сознанијата ќе се прават планирања за следната учебна година.

20. Професионален и кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Тимот за професионален развој во согласност со предвидената динамика на Акцискиот план, во текот на првото полугодие од учебната 2022/2023 година, ги спроведе следните активности:

- месец август/септември – Тимот за професионален развој ги разгледа извештаите на наставниците за личниот професионален развој и ја утврди состојбата на реализираниот професионален развој, т.е. утврди колку од личните планови на наставниците се реализирани целосно, делумно или не се реализирани.
- месец септември – Тимот за професионален развој даде насоки на наставниците и од одделенеска и од предметна настава да се изработат лични планови за професионален развој за учебната 2022/23 година.
- Месец септември – Тимот за професионален развој ги прибра податоците и анализираше личните планови за професионален развој поднесени од наставниците. се дополни и изготви соодветна програма согласно потребите на наставниот кадар според потребите и барањата за професионален развој на наставниот кадар
- месец октомври – беа дадени насоки за подготвување на ИОП од страна на тимот за инклузија на деца со ПОП и се изготвија соодветни и адаптирани програми за децата со ПОП
- месец септември/октомври – Тимот за професионален разво ги информираше наставниците за расположливите обуки акредитирани од БРО според каталогот на обуки и даде насоки наставниците да изберат обуки. во текот на полугодието – Тимот изработи Г-форма за евидентирање и водење база на податоци за посетени внатрешни и надворешни семинари, обуки, трибини, панел дискусии, конференции од страна на наставниците

- Внатрешни: https://docs.google.com/spreadsheets/d/1bNVtEUPYcs-mtz4M-QbUfgJ1-pYnV9B2asA9hAIFVm8/edit#gid=292998475
- Надворешни: https://docs.google.com/spreadsheets/d/1bNVtEUPYcs-mtz4M-QbUfgJ1pYnV9B2asA9hAIFVm8/edit?usp=sharing
- во текот на полугодието – Анализа на потребите на новите наставници за поддршка за одредени сегменти на работата на училиштето како во процесот на самоевалуација и слично.

Месец Декември – наставниците ги посетуваа акредитираните обуки од БРО:

- Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците
- Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост
- Справување со врсничкото насилство и кибернасилство
- Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и слично)
- ПРОГРАМА 16 (НАСТАВНИЦИ): Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко нивоИнклузивно образование во пракса
- Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Согледувајќи ја Националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалуација и насоките на МОН и основачот неминовно ги наметнуваат потребите самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за сопствен и колегијален развој. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат.

Континуираното образование, односно усовршување на наставникот има свое посебно значење. Потребата на нашето време, изразена во ставот постојано да се учи, односно да се учи во текот на целиот живот е од особена важност токму за наставничката професија.Тимот за професионален развој изготвува програма за професионален развој за тековната учебна година врз основа на потребите на наставниците. Исто така, училиштето редовно ги упатува наставниците и стручните соработници да ги посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат

дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот.

20.2. Активности за професионален развој

Следејќи ги законските потреби за задолжително стручно усовршување на наставниците во основното училиште пред почетокот на учебната година редовно се евидентираат потребите на наставниците за стекнување и унапредување на знаења и вештини со што ќе се унапреди и личната и професионалната надградба. Водејќи се од индивидуалните планови на наставниците за професионален развој, училиштето изготвува програма која овозможува и поддржува активно учество на сите семинари и едукативни работилници.
Наставниците континуирано стручно се усовршуваат заради подобрување на стручните способности и давање поквалитетни образовни услуги. Наставниот кадар добива можност да учествуваат на семинари и обуки организирани од страна на БРО и МОН, како и од акредитирани организации од МОН. Стручната служба во училиштето активно ќе работи на континуираниот професионален развој на наставниците преку обуки и предавања, но и преку редовни консултации за подобрување на дневните, краткорочните, долгорочните планирања, како и останатата педагошка евиденција.На крај, ќе се направи евалуација за да се утврдат приоритетите за професионалниот развој на наставниците за следната учебна година.

20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставникот се следи преку професионалното досие и годишните извештаи за реализација на Личниот план за професионален развој на наставникот и се развива преку следење на семинари и обуки организирани од МОН и БРО, како и од дисеминации организирани од училиштето.

Секој наставник задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручните соработници, инспекторите од ДПИ, општинскиот просветен инспектор. Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати. Секој наставник треба пред почетокот на секоја година да има сопствен план за професионален развој .Истите наставниците ги реализираат преку обуки,семинари,вебинари ,меѓусебни посети на часови и консултации,интерни обуки и работилници и сл.èтака перманетно се успврѓуваат и го надоградуваат своите вештини и компетенции.

20.4. Хоризонтално учење

Размената на искуства, стекнатите знаења и методите, формите и техниките за реализација на наставата се врши преку состаноци на ниво на стручни активи, работилници со сите наставници и отворени часови и нагледни часови. Воедно сите дисиминации од посетените обуки, семинари, конфереции и сл. допринесуваат во споделувањето на стекнатото знаење и вештини.

Главен акцент оваа година ќе се постави на размената на професионално искуство преку размена, разгледување на видео снимки на различни делови и аспекти кај учениците и делови од курикулум, и особено интеграција на повеќе предмети. Кој делови ќе се разгледуваа и кои ќе се снимаат се определуваат со програмите на активите кои ќе станат дел од годишната програма.

20.5. Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Во училиштето се поддржува професионалниот и кариерниот развој на наставниците, затоа што тоа придонесува за развој и напредок на целото училиште.

Процесот на кариерен развој на наставниците, се одвива во три дела: приправнички период, период кога наставникот/стручниот соработник работи самостојно и период каде што се напредува во звање наставник/стручен соработник-ментор и наставник/стручен соработник-советник.

Воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со:

- Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот
- Професионалните стандарди за наставник-ментор
- Професионалните стандарди за наставник-советник

Ова полугодие Општина Аеродром објави конкурс за избор на најдобар наставник во категорија на предметен и одделенски наставник .На конкурсот од пријвените наставници од осумте општински училишта во општина Аеродром нашиот наставник Светлана Јосифоска е избрана за најдобар одделенски наставник во Општина Аеродром.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/ старателите во животот и работата на училиштето

Партиципацијата на родителите во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето се остваруваше на две нивоа и тоа на ниво на паралелка и на ниво на училиште.
Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор. Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма. Во текот на првото полугодие се одржани два состаноци на Совет на родители.

Во училиштето се организираат редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на првото полугодие од учебната 2022/2023 година се реализирани три родителски средби..

Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организација на забави, работилници, предавања, хепенинзи, екскурзии и други манифестации**.** Стручните служби и наставниот кадар се отворени и спремни за соработка со родителите на било кое поле од заеднички интереси.

Покрај овие термини за прием на родителот со цел за разговор, соработка за унапредување на воспитно образовниот процес, училиштето организира и отворен ден за родители секој последен четврток од крајот на месецот со што им се дава можност на родителите посебно да продискутираат со наставниците за успехот и поведението на учениците а преку тоа да бидат во тек со напредокот на ученикот.

21.2. Вклученост на родителите/ старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во процесот на учење

Родителите постојано и на редовните родителски средби, се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни совети и упатства на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење. За учениците од I-2 одделение по предметот природни науки, родител кој е проектен координатор во МЕД оддржа час и ги запозна учениците со рисот како диво животно. Родителите од I-6 по предметот општество на тема празници и прослави подготвуваа традиционални јадења. Родител од I-1 по повод Светскиот ден на децата со попреченост реализира работилница на тема „Сите сме исти, но различни“. По повод Меѓународниот ден на виолината родител во II-4 ги запозна учениците за гудачките инструменти виола и виолина. Во II-3 и II-2 одделение родител инструменталист и музичар од Танец оддржа презентација за традиционални музички инструменти. Во II-4 одделение родител-психолог, оддржа интерактивна работилница на тема „Насилно и не насилно однесување кај децата“.

Во донесување одлуки

За донесување на одлуки во училиштето родителите учествуваат во училиштето како претставници на Училишен одбор, и како претставници на Советот на родители. Исто така многу значајни се за донесување на одлуки и нивни мислења добиени по пат на анкети, прашалници, интервјуа и сл. По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Се формира Совет на родителите во рамките на паралелката и на училиштето и се изработуваат програми за реализирање на содржините и активностите.

Преку редовни состаноци на Советот на родители, присутните се информираа за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки.

Во воннаставни активности во училиштето

Родителите имаат активна улога во давање иницијативи и се вклучени во организирање на воннаставните активности на училиштето: манифестации, работилници, натпревари, екскурзии, прослави, приредби, наследни активности во рамките на различни наставни предметии сл. Во првото полугодие од оваа учебна година,се

организираше кампања под мотото „Помислете на нас“, каде што наставниците, учениците и родителите донираа храна и парични средства. Дел од средствата беа поделени на учениците од семејствата од социјално ранливи категории, а останатиот дел беа донирани на Црвен крст на РСМ. Исто така се реализираше крводарителска акција под мотото „Кој ќе спаси еден живот, го спасил целиот свет“ во која учествуваа вработените во училиштето,родителите и жителите од блиската околина, родителите исто така земаа учество и во новогодишниот базар со свои изработки.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е двонасочна. Многу често родителите соработуваат со училиштето како едукатори со свои предавања од областа за кои се компетентни, па така се организираат предавања од областа на медицината, стоматологијата, сообраќајот, етиката, културните обичаи и слично.

Но од друга страна и училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (професионална ориентација, семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси, инклузија на ученици со ПОП и слично)**.** Подигање и развивање на педагошката култура на родителите се вршеше преку организирање на стручни презентации, и соработка со родителите во организацијата на активностите и приоритетите на училиштето.

Психологот и понатаму ќе врши советувања за родителите според Програма за советување, советодавна работа со родителите (индивидуална и групна) ќе се одвива и од страна на стручната служба, одделенските раководители, а по потреба и директорот на училиштето.

Процесот на едукација на родителите/ старателите во учебната 2022/2023 година ќе се реализира преку одржување на работилници и предавања за родители од страна на стручните соработници .

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Локална заедница (локална самоуправа,бизнис заедница,месното население)

Целта на соработката на училиштето со локалната заедница е да се анимира и стави во педагошка функција се што може да понуди локалната заедница за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, да влијае на подобрување на културно–образовното ниво кај месното население. Училиштето соработува со локалната самоуправа преку усна, пишана и електронска форма, разни состаноци и трибини.

Институции од областа на културата

Во планирањата на наставниците беа вкучени организирани посети на: Музејот на македонската револуционерна борба, драмскиот театар за деца и младинци, Македонска Филхармонија, Македонска опера и балет, природно научниот музеј, зоолошката градина, театри, кино, музеј на илузии и други знаменитости.

Институции од областа на образованието

Во текот на ова полугодие се соработуваше со училиштата од нашата општина како и предучилишните установи, со останатите основни училишта, со надлежните институции за образование од општината, БРО, ДПИ, МОН, државни универзитети и други институции од оваа област зависно до потребите.

Невладини организации

Училиштето континуирано изминативе години води соработка со неколку невладини институции. Соработката продолжи со истите а по потреба и со други организации.Се соработуваше со НВО Step by step, Отворете ги прозорците, НВО ПОРАКА, Аеродром, НВО Lions club, Црвен Крст, ПАКОМАК...

Спортски друштва

1.Федерација на училишен спорт на Македонија
2.Федерација на училишен спорт на град Скопје
3. Училишен спортски клуб ООУ„Лазо Ангеловски”

Здравствени организации

1.Поликлиника Јане Сандански
2. Завод за ментално здравје Скопје
3. Завод за јавно здравје
4. Завод за говор, слух и глас, осигурителна компанија ЕУРОЛИНК
5. ПЗУ ТОСПАШ
6. Центар за јавно здравје Скопје

Други институции, установи и организации

1. Комисија за проценка од стручно тело по МКФ
2. Национална агенција за развој на европски образовни програми и мобилност

Медиуми (со цел промоција на училиштето)

За сопствена афирмација училиштето соработуваше со најразлични видови на медиуми. Поважните активности од наставната и воннаставната работа се објавуваа во општинскиот весник Аеродром, како и други дневни и неделни печатени медиуми. Исто така јавноста континуирано е информирана за случувањата преку веб-страната на училиштето http://oulazoangelovski.com.mk/.Во рамките на Еразмус+ КА229 проектот "Млади новинари денес - одговорни дигитални граѓани утре" од декември 2019 нашето училиште има свој училишен дигитален весник: Л.А. ИН-форматот https://lainformator.wordpress.com/ кој е креиран и едитиран од учениците членови на Медиумската група. Главната цел на проектот и на самиот е-весник е развивање на медиумската писменост на учениците и наставниците на продуктивен начин преку публикување на дигитален училишен весник и креирање на работилници за медиумска писменост. Истовремено училишниот е-весник има свој профил на социјалната мрежа Инстаграм https://www.instagram.com/in_formator_la/.

Училиштето преку својата Facebook страна https://www.facebook.com/%D0%9E%D0%9E%D0%A3-%D0%9B%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%90%D0%BD%D0%B3%D0%B5%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8-102282212392229/?mibextid=ZbWKwL и Инстаграм страна https://instagram.com/oou_lazoangelovski?igshid=YmMyMTA2M2Y= споделува информации за постигањата на училиштето како и објави од наставни, воннаставни активности, соработки, партнерства и сл.

Носители на активностите се одделенските раководители, одговорните наставници на стручните активи и генерации, стручните соработници и раководната служба.

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време на следење	Одговорно/ни лице/а	Кој треба да биде информиран за следењето
1. Организација и реализација на наставата и учењето	Во текот на учебна 2022/2023 година	Директор Пом.директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи	-Раководна служба -Стручни соработници -Наставници -Родители -Ученици
2. Постигањата на учениците	Во текот на учебна 2022/2023 година	Наставник Ученик Родител Стручни соработници	-Наставници -Родители -Ученици -Стручни соработници
3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и раководниот кадар	Во текот на учебна 2022/2023 година	Директор Пом.директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи БРО, ДПИ	-Раководна служба -Стручни соработници -Наставници -Родители -Ученици
4. Управување и раководење со училиштето	Во текот на учебна 2022/2023 година	БРО, ДПИ Училишен одбор Локална самоуправа Совет на родители	
5. Комуникација и односи со јавноста	Во текот на учебна 2022/2023 година	Директор Пом.директор Стручни соработници	-Раководна служба -Стручни соработници -Наставници

		Одговорни наставници на стручни активи	-Родители -Ученици
6. Училишна клима и култура	Во текот на учебна 2022/2023 година	Директор Пом.директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи	-Раководна служба -Стручни соработници -Наставници -Родители -Ученици
7. Соработката на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница и невладиниот сектор	Во текот на учебна 2022/2023 година	Директор Пом.директор Стручни соработници Одговорни наставници на стручни активи	-Раководна служба -Стручни соработници -Наставници -Родители -Ученици

●**Организација и реализација на наставата и учењето** се следеше во текот на целото полугодие од учебната 2022-2023 година преку увиди во:
-Годишна програма за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Евиденција за реализирани часови за Додатна и Дополнителна настава
-Увиди во педагошка евиденција во делот за општествено-корисна и хуманитарна работа и воннаставни активности
-Дневник за работа на стручната служба
-Записници од индивидуални средби со ученици и родители
-Увид во педагошка евиденција (проектни активности)
-Записници од работата на ученичката заедница
-Брошури, флаери и веб-страна на училиштето
-Записници од работата на ИТУ (инклузивен тим за ученик)
-Записници од состаноци на стручните активи
-Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални потешкотии

-Досиеја на учениците
-Записници од надлежни органи за контрола на хигиената во училиштето и здравјето на учениците
-Увиди во педагошка евиденција за изречени педагошки мерки
-Увиди во педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности
-Инструмент за следење и вреднување на планирањето и подготовката на наставниот час
-Записници од следење на наставни часови
-Инструменти за оценување (тестови на знаења, листа за проверка, бодовни листи)
-Примери од оценети ученички трудови
-Увид во документацијата за набавка на стручна литература и наставни помагала
-Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали
-Електронски дневник

●**Постигањата на учениците** се следеа со увид во:
- Годишни и полугодишни извештаи за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Увиди во педагошка евиденција и документација
-Записници од работата на ИТУ (инклузивен тим за ученик)
-Записници од посета на наставен час
-Дневник за работа на стручната служба
-Евиденција за реализирани часови за Додатна и Дополнителна настава
-Досиеја на учениците
- Текстуални извештаи за успехот и поведението на учениците
- Бројчани извештаи за постигнатиот успех и поведение на учениците
- Споредбени прегледи од резултати од оценувањето (меѓународни, национални, градски, општински, училишни натпревари)
-Анализа на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата
-Известување на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ)
-Записници од средби со родители
-Евиденција на заминати и новодојдени ученици (предводници)
-Извештаи и анализа на напредокот на учениците по паралелки
-Евиденција за остварени средби и соработка со родителите

-Електронски дневник
-Изложени трудови на учениците
-Паноа за пофалби, награди
-Медиумско промовирање на постигањата на учениците
-Увид во веб страната на училиштето
-Евиденција за наградени и пофалени ученици

●**Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и раководниот кадар** се следеше преку увиди во:
- Годишни програми за работа
-Записници од посета на наставен час
-Дневник за работа на стручната служба
-Записници од посета на советници од БРО
-Записници од посета на инспектори од ДПИ
- Извештаи за професионалниот развој на наставниците
-Записници од работата на стручните активи
-Досијеа на наставниот кадар
-Записници и списоци од реализирани интерни обуки
-Самоевалвација и Развоен план на училиштето
-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето

● Следењето на **Управување и раководење со училиштето** се реализира преку:
-Годишни и полугодишни извештаи за работа на училиштето
-Самоевалвација и Развоен план на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето

●**Комуникација и односи со јавноста** се следи со увид во:
- Програма за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Увиди во педагошка евиденција и документација
-Записници од посета на наставен час
-Дневник за работа на стручната служба
-Записници од посета на советници од БРО
-Записници од посета на инспектори од ДПИ
-Самоевалвација и Развоен план на училиштето
-План за следење и евалуација на реализираните Акциски планови
-Записници од индивидуални средби со ученици и родители
-Увид во педагошка евиденција (проектни активности)
-Записници од работата на ученичката заедница
-Податоци за организирани трибини, предавања и дебати
-Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални потешкотии
-Досиеја на учениците
-Увиди во педагошка евиденција за изречени педагошки мерки
-Увиди во педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности
-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето

● Во однос на **Училишна клима и култура** имплементацијата се следи преку:
-Годишни и полугодишни извештаи за работата на училиштето
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација) -Записници од Наставнички и Одделенски совети
-Увиди во педагошка евиденција во делот за општествено-корисна и хуманитарна работа и воннаставни активности
-Дневник за работа на стручната служба
-Извештаи за професионалниот развој на наставниците
-Самоевалуација и Развоен план на училиштето

-План за следење и евалуација на реализираните Акциски планови
-Записници од индивидуални средби со ученици и родители
-Увид во педагошка евиденција (проектни активности)
-Записници од работата на ученичката заедница
-Финансов план на училиштето
-Склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди
-Записници од ревизија на УЈП
-Податоци за организирана исхрана на учениците
-Податоци за организирани трибини, предавања и дебати
-Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални потешкотии -
Досиеја на учениците
-Записници од надлежни органи за контрола на хигиената во училиштето и здравјето на учениците
-Увиди во педагошка евиденција за изречени педагошки мерки
-Увиди во педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности -
Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето
-Пописни листи
-Увид во просторни капацитети

●**Соработката на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница и невладиниот сектор** се следи преку:
-Записници и одлуки од состаноци на Советот на родители и Училишниот одбор (увид во документација)
-Увиди во педагошка евиденција во делот за општествено-корисна и хуманитарна работа и воннаставни активности (записници од реализирани активности во и со поддршка на локалната и деловната задница и невладиниот сектор)
-Податоци за организирани трибини, предавања и дебати со родители и претставници од локалната и деловната заедница
-Документација од добиени донации
-Застапеност во медиумите и веб-страната на училиштето

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на годишната програма за работа на основното училиште се изведува двапати во текот на учебната година, односно со завршувањето на првото полугодие од учебната 2022/2023 година во месец Јануари 2023 и на крајот од учебната година, најдоцна до 31 Август 2023 година. Евалуацијата се изведува преку собирање на различни извештаи, анкети, прашалници, записници, следење на постигнувањата на учениците и сл. коишто ќе бидат изготвени од страна на раководната и стручната служба, одговорните наставници на стручни активи, ученичкиот парламент, координаторите на тимовите, советот на родители, училишниот одбор. Како критериуми за успешност се земаа во предвид извештаите од споредбените анализи со претходните учебни години што ќе ги изведува Тимот за самоевалуација на училиштето како и тимот кој ја изработувал оваа програма.

Инструмент за евалуација на програмите и акционите планови:

		Временска рамка (месец)														Следење			
Задача	**Активност**	9	10					3	4	5	6	7	8	**Носител**	**Начин на спроведување (ресурси)**	**Инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговор но лице**	**√ x**	**Потребен буџет**
Подготовка на програмите и акционите планови	Проверка на изготвените програми и акциони планови	√											√	Стручни соработници	Проверка на изработените програми и акциони планови врз основа на однапред дадени насоки за изработка	Чек листа	Правилно изготвени програми и акциони планови според насоките дадени од страна на училиштето, БРО и МОН	Директор , помошник директор стручни соработници		/

Следење на реализацијата на програмите и акционите планови	1.Спроведување на активностите зададени во програмите и акционите програми 2. Одржување на координативни состаноци меѓу координаторите на тимовите, стручните соработници и раководната служба	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	√ √	Раководна служба, стручни соработници, координатори на тимовите	Реализација на различни активности и одржување на состаноци	Извештаи од спроведени активности и записници од состаноци	Навремена и целосна реализација на планираните активности	Директор Помошник директор		/
Евалуација на програмите и акционите планови	Анализа и евалуација на спроведените активности зададени во програмите и акционите планови					√				1.	√			Раководна служба, стручни соработници, координатори на тимовите	Врз основ на поднесените полугодишни и годишни извештаи се прави анализа и евалуација за реализацијата на активностите	Извештаи и анализи од спроведената евалуација	Навремена и целосна реализација на планираните активности	Директор , помошник директор стручни соработн ици		/

25. Заклучок

Полугодишниот извештај е изработен од страна на сите структури во училиштето со помош на планирањата на стручните активи, тимови, организации, стручни соработници, раководната и управувачката служба, административно-техничката служба, советот на родители и училишниот парламент. Истиот е структуриран од страна на Комисијата за изработка на полугодишниот извештај за работа на основното училиште. Познавајќи ги нашите човечки и материјални ресурси, очекуваме ова планирање или евентуално прилагодено да биде реализирано успешно и да добиеме нови позитивни искуства кои би ги применувале во иднината а сите нереализирани да тежнееме да ги реализираме или пак да најдеме поинакви начини за реализација.

26. Комисија за изработка на Полугодишен извештај за работа на училиштето

м-р Магдалена Петреска - в.д. директор
м-р Тина Симиќ Ацковска - помошник директор
Иванка Николова - социолог
м-р Јасмина Ѓуровска - педагог
Аделина Давидовска - психолог
м-р Магдалена Огненоска Јосева - социјален работник
Искра Илковска - специјален едукатор и рехабилитатор
Душица Мангутова - библиотекар
Тони Димов – библиотекар
Одговорни наставници на секции, тимови и организации

В.д. директор
м-р Магдалена Петреска
_____

Претседател на училишен одбор
Игор Павлевски
_____

Скопје Јануари, 2023 година

26. *Комисија за изработка на Полугодишен извештај за работа на училиштето*

м-р Магдалена Петреска - в.д. директор
м-р Тина Симиќ Ацковска - помошник директор
Иванка Николова - социолог
м-р Јасмина Ѓуровска - педагог
Аделина Давидовска - психолог
м-р Магдалена Огненоска Јосева - социјален работник
Искра Илковска - специјален едукатор и рехабилитатор
Душица Мангутова - библиотекар
Тони Димов – библиотекар
Одговорни наставници на секции, тимови и организации

В.д. директор
м-р Магдалена Петреска

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
Општина Аеродром-Скопје

Претседател на училишен одбор
Игор Павлевски

Скопје Јануари, 2023 година